Сабота-недела 13-14.1.2007 www.spic.com.mk

ВЕСТ ПО ВЕСТ

# МЕЛНИЦА „КАДИНО" ДОНИРА БРАШНО

МЕЛНИЦА „Кадино" продолжува да донира брашно на социјално загрозени семејства, водејќи се од девизата „Рака што дава не се суши".

Таа апелира до сите фирми да го следат нејзиниот пример и истакнува дека само со вакви донации на најнеопходните производи на тие луѓе може да им се врати насмевката, бидејќи ќе знаат дека некој мисли на нив и дека барем еднаш во денот ќе вкусат топол леб.

- Ние сме мала компанија, но со голема верба во Бога, затоа се одлучивме дел од профитот да го поделиме со најсиромашниот слој во државата. Веруваме дека потегот на мелница „Кадино" ќе го следат сите компании кои со малку средства ќе инвестираат во срекната иднина на загрозените семејства - порачуваат од мелница „Кадино".

Компанијата на 30 декември минатата година, по повод празникот Курбан бајрам, донираше 1500 килограми брашно за дел од социјално загрозените семејства во центарот на Дебар. Донаторската акција беше во соработка и во координација со Црвен крст, телевизијата Жупа и ТД „Авни" од Дебар.